**ЗАПИСНИК**
**од 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 08.08.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фиданоски, м-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазар Трајчев (оправдано отсутен, годишен одмор).

**На седницата не беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги поради користење на годишен одмор.**

**На седницата го заменуваше раководителката на Секторот за поддршка на работата на Директорот и Советот м-р Драгица Љубевска, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на Овластувањето бр.03-3046/1 од 28.06.2018 година.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, д-р Андриана Скерлев Чакар, Горан Радуновиќ, Катерина Доневска, д-р Ивана Стојановска, Маја Дамевска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 33-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски информираше дека на седницата се присутни 6 члена на Советот, отсутен е г-дин Трајчев бидејќи се наоѓа во странство на годишен одмор.

Советот на Агенцијата едногласно со 6 гласа „за“ го усвои следниот:

## ДНЕВЕН РЕД

1. Усвојување на предлог-записник од 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.07.2018 година.
2. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на радиодифузер.
3. Предлог за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на радиодифузер.

4. Предлог-одлука за промена на сопственичката структура на Радио Дрини од Струга.
5. Предлог-одлука за утврдување постоење на недозволена медиумска концентрација кај Супер Радио од Охрид.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот на Агенцијата го разгледа и со 5 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Фетаи, го усвои предложениот Записник од 32-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 26.07.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Вишиот соработник од Секторот за стратешко планирање и авторски права Катерина Доневска го образложи Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола. Објасни дека при увид во податоците на економското работење на наведениот радиодифузер од претходната година констатирано е дека на 31.12.2017 година во радиостаницата биле вработени 4 лица од кои еден бил ангажиран како новинар со висока стручна спрема. Во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување е утврдено дека за радио на локално ниво треба да бидат вработени најмалку 3 лица од кои две ќе бидат ангажирани како новинари со висока стручна спрема. Имајќи го ова предвид, во месец мај оваа година се испрати допис до радиодифузерот со кој се побара во рок од седум дена од денот на приемот на дописот да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека радиодифузерот ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот. Заклучно со 31 мај радиодифузерот не одговори на дописот и повторно е испратен нов допис. По повод напред наведените барања, на 07.06.2018 година ТРД БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола, до Агенцијата достави три договори за извршување на привремени работи, склучени помеѓу радиодифузерот и три физички лица. Од доставената документација беше видно дека договорите биле склучени на 01.01.2015 година и тоа за период од шест месеци. Од напред наведените договори не можеше да се утврди какво образование имаат лицата ангажирани за извршување на привремени работи кај радиодифузерот и на кое работно место се ангажирани кај истиот. Поради тоа, Агенцијата со писмен допис – Барање за доставување дополнителни податоци му укажа на радиодифузерот дека е должен во рок од пет дена од денот на приемот на дописот, да достави документи од коишто ќе може да се констатира дека во моментот истиот ги исполнува минималните кадровски услови предвидени во членот 9 од Правилникот, доколку не достави, Советот ќе покрене постапка за одземање на дозволата за радио емитување. Но заклучно со денешниот ден, од страна на ТРД БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола, до Агенцијата не беа доставени потребните документи и од таа причина доставен е предлог од Советот за да се покрене постапката.

Г-дин Петрушевски рече дека неколку месеци наназад укажувањата на Агенцијата до радиодифузерот не вродиле со плод и од таа причина Советот согласно Законот треба да ја започне постапката. Се надева дека сега радиодифузерот посериозно ќе ја сфати состојбата и ќе направи напори своето работење да го усогласи со Законот и подзаконските акти. Посочи дека намерата на Советот не е да се укине радиото туку тоа и во иднина да продолжи да работи но правилно според прописите.

Г-дин Фетаи рече дека веќе неколку пати Советот имал вакви ситуации каде што одредени медиуми не се толку ажурни или не одговараат навремено на барањата на Агенцијата кои произлегуваат од законските обврски. Има еден така наречен едукативен начин да ја сфатат обврската што ја имаат. Овде се работи за елементарни законски обврски во поглед на вработените. Се надева дека исто како и минатите случаи кога се покренувале постапки за одземање на дозвола за радио и телевизиско емитување, и во овој случај ќе се запре постапката. Радиодифузерот има рок од 15 дена да ги достави потребните документи и се надева дека на наредната седница ќе се запре постапката. Жал му е што се доаѓа до вакви позиции за најнормални, едноставни комуникациски односи помеѓу Агенцијата и радиодифузерите, но Советот не може да излезе надвор од Законот и затоа рече дека ќе го поддржи предлогот.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-414 од 06.08.2018 година од м-р Драгица Љубевска, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на Овластувањето бр.03-3046/1 од 28.06.2018 година, и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола, бр.08-88 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување бр.01-5774/1 од 21.11.2014 година, со измена и дополнување бр.01-3336/1 од 08.05.2015 година, а согласно член 82 став 1 алинеја 5 од цитираниот Закон, со оглед на фактот дека радиодифузерот не ги исполнил минималните кадровски услови од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.03-3515/1 од 30.07.2018 година, односно затоа што по издавањето на дозволата настанале околности што претставуваат законски пречки за imателот на дозволата да ја врши дејноста.

Доколку горенаведениот радиодифузер не ја достави потребната документација од која што ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво БИ-КИ-АЛ ДООЕЛ Битола, бр.08-88 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за

добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, а согласно член 82 став 1 алинеја 5 од цитираниот Закон.

Г-дин Петрушевски рече да се извести радиодифузерот по електронска пошта и доколку е можно и телефонски за да знае од кога му тече рокот и до кога најдоцна треба да ја достави потребната документација.

**Точка 3**

Раководителот на Секторот за финансии и логистика Горан Радуновиќ го образложи Предлогот за покренување на постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на ТРД Телевизија ИРИС ДОО Штип. Објасни дека радиодифузерот е имател на дозвола за телевизиско емитување преку јавна електронска комуникациска мрежа која не користи ограничен ресурс, на регионално ниво, за подрачјето на Д3 - Туртел (Штип, Карбинци, Зрновци, Чешиново - Облешево, Пробиштип, Кочани, Македонска Каменица, Делчево, Виница, Пехчево, Берово), телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат на македонски јазик. Доставената му е Фактура за годишен надоместок од 324.034,00 денари, но во законски предвидениот рок од 30 дена од денот на приемот на фактурата, износот не го платил во целост. Трговското радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип, има извршено само делумна уплата во износ од 224.034,00 денари и од таа причина се предлага до Советот да покрене постапка.

Г-дин Петрушевски рече дека согласно неговото долгогодишно работење како член а потоа и како претседател на Советот на Агенцијата, за овој радиодифузер ова претставува вообичаена постапка во однос на плаќањето и праша колку години наназад трае ваквата постапка?

Раководителот Радуновиќ рече дека тоа е точно и досега ТВ Ирис надоместокот го плаќал од кога ќе се покрене постапката односно во дополнителниот рок од 15 дена и тоа трае веќе три години наназад.

Г-дин Фетаи рече дека претседателот на Советот истакнал дека ова се случува во последните три години и смета дека овој медиум веќе го научил пристапот на Советот кон ова прашање и затоа го чекаа последниот момент за да го реализира плаќањето. Иако се свесни дека тоа мора да го направат за да продолжат со работа, но тоа веројатно е индикатор дека тие не се во добра финансиска состојба. Оваа телевизија е една од постарите телевизии во Република Македонија и се појавува од почетоците на неговиот медиумскиот пејзаж. Но бидејќи еден дел од износот платил и остануваат должни уште 100.000,00 денари значи дека планираат и понатаму да продолжат со работа и дека во дополнителниот рок остатокот ќе го уплатат.

Г-дин Фиданоски рече дека иако нема докази но е убеден дека сигурно финансиската состојба и околностите во кој работи медиумот се главната причина зошто оваа ситуација се повторува. Ако се земат предвид информациите и фактите во финансиска смисла, намалување на вкупната вредност на медиумскиот пазар за минатата година, а Агенцијата веќе излезе со податоци за минатата година, тоа е доволен показател дека радиодифузерите особено тие што се на регионално и локално ниво се соочуваат или „кубурат' народски кажано со ликвидност. Моментот што го посочил г-дин Фетаи сака да го апострофира, односно дека во дополнителниот рок од 15 дена радиодифузерот ќе успее да ги подмири обврските во целост.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-415 од 06.08.2018 година од м-р Драгица Љубевска, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, врз основа на Овластувањето бр.03-3046/1 од 28.06.2018 година, и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од истиот закон, со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил во целост обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил во целост надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр. 05-3508/1 од 27.07.2018 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати во целост годишниот надоместок за дозвола, согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телевизија ИРИС ДОО Штип, бр.08-902 од 08.07.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а согласно со член 82 став 1 алинеја 6 од истиот закон.

Г-дин Петрушевски рече да се извести радиодифузерот за да знае од кога му тече рокот и до кога најдоцна треба да ги уплати средствата.

**Точка 4**

Вишиот соработник од Секторот за стратешко планирање и авторски права Катерина Доневска ја образложи предложената одлука за промена на сопственичката структура на Радио Дрини од Струга. Објасни дека согласно член 41 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на 18.07.2018 година, ТРД РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга достави Известување за промена на сопственичка структура. Доставеното Известување беше комплетно и уредно, односно ги содржи сите податоци и документи утврдени во Правилникот за формата и содржината на известувањето за промена на сопственичката структура.

Г-дин Петрушевски рече дека сите податоци што се доставени во материјалите се во ред единствено презимето Туда му е познато. Му се чини дека една таква личност со такво презиме имаше во медиумската индустрија во Струга и понатаму не би испитувал дали се тие роднини или не. Се изјасни дека ќе го поддржи предлогот.

Г-дин Фиданоски рече дека има забелешка за техничка корекција кај актуелниот сопственик на радиото, односно кај местото на живеење пред „Ливада Струга" да се додаде зборот „село" за да нема забуна.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.02-389 од 07.08.2018 година од м-р Драгица Љубевска, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Овластување бр.03-

3046/1 од 28.06.2018 година и едногласно донесе одлука со која се дозволува промена во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга, со текст како што беше предложена одлуката.

Со предложените промени во сопственичката структура на Трговското радиодифузно друштво РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга не се создава недозволена медиумска концентрација во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17) и тие не се спротивни на забраната од членовите 34, 35 став 2 или 38 од овој Закон.

Се задолжи Секторот за стратешко планирање и авторски права, да достави допис до Трговското радиодифузно друштво РТВ ДРИНИ ДООЕЛ Струга, со кој ќе побара по извршената промена до Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги да достави актуелна тековна состојба издадена од Централен регистар на Република Македонија.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страната на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски по гласањето му посака успех во работата на идниот сопственик на радиото.

**Точка 5**

Вишиот соработник од Секторот за стратешко планирање и авторски права Катерина Доневска ја образложи предложената одлука за утврдување постоење на недозволена медиумска концентрација кај Супер Радио од Охрид. Објасни дека на 26-та седница одржана на 12.06.2018 година, Советот на Агенцијата донесе Одлука за поведување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација по службена должност кај Друштвото со ограничена одговорност за радио-дифузија Митаноски Веле СУПЕР РАДИО Охрид ДООЕЛ. Постапката беше поведена поради тоа што при увид во податоците на Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија, Агенцијата констатираше дека основачот на овој радиодифузер, физичкото лице Сашо Митаноски, се јавува истовремено како основач на Друштвото за производство, трговија и услуги ФИЛ ПРОДУКЦИЈА 2018 ДООЕЛ Охрид, со учество од 100% во основната главнина на правното лице. Според тековната состојба, приоритетна дејност/главна приходна шифра на ова правно лице е 73.11 – Агенција за маркетинг, што е спротивно на член 39 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Согласно членот 43 од Законот, заради испитување на овие сознанија, Агенцијата побара од Друштвото со ограничена одговорност за радио-дифузија Митаноски Веле СУПЕР РАДИО Охрид ДООЕЛ, во рок од 45 дена од денот на приемот на Одлуката за поведување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација по службена должност, да ги достави во Агенцијата сите податоци од значење за одлучувањето. Според повратницата од Македонска пошта Одлуката беше примена од страна на радиодифузерот на 13.06.2018 година, а рокот за доставување на податоците истекуваше на 28.07.2018 година. На 16.07.2018 година, Друштвото за производство, трговија и услуги ФИЛ ПРОДУКЦИЈА 2018 ДООЕЛ Охрид ја извести Агенцијата дека *„поведена е постапка за комплетно затворање на ФИЛ Продукција 2018 ДООЕЛ од Охрид"* и дека *„по комплетирањето на постапката, ќе*

*ве известиме за комплетното затворање на правниот субјект*". На 03.08.2018 година и исто така и пред започнување на оваа седница, Одделението за стратешко планирање изврши проверка на податоците во Интернет дистрибутивниот систем и констатираше дека лицето Сашо Митаноски се уште се јавува како основач на Друштвото за производство, трговија и услуги ФИЛ ПРОДУКЦИЈА 2018 ДООЕЛ Охрид, односно дека не го отстранил прекршувањето на член 39 став 1 алинеја 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Г-дин Петрушевски праша доколку Советот го прифати предлогот и ја донесе Одлуката, колку дополнително време согласно Законот има за да го реши проблемот?

Катерина Доневска одговори дека најкраток рок согласно Законот е 30 дена а најдолг 90 дена. На овој радиодифузер му се дава рок од 90 дена.

Г-дин Петрушевски рече дека според негова претпоставка се работи за административна процедура во Централен регистар и не стигнал навремено да ги заврши промените. Но рече дека 90 дена се сосема доволни да го реши проблемот.

Г-дин Фиданоски рече дека на 16.07.2018 се добило известување од управителот дека конкретното правно лице е во постапка за затварање. Праша искуствено дали имаат информации колку време е потребно за затварање на еден правен субјект, дали таа процедура е можеби заглавена во Централниот регистар и од тие причини не е настаната промена? Дали имаат сознание?

Катерина Доневска одговори дека такви сознанија нема, но дописот не е од управителот туку од Друштвото ФИЛ Продукција.

Г-дин Фиданоски рече дека станува збор за исто лице затоа и го посочил бидејќи е 100% сопственик на продукцијата и управител на овој радиодифузер.

Г-дин Петрушевски рече дека радиодифузерот има доволно простор за да го реши проблемот и ќе го поддржи предлогот. Доколку има проблем во наредните 2-3 месеци сигурно ќе ја извести Агенцијата. Очекува дека позитивно ќе се реши овој проблем.

Г-дин Фетаи рече дека е добро што е констатирана недозволена медиумска концентрација кај овој радиодифузер со оглед на тоа дека Законот им дозволува да се прилагодат односно да ги отстранат тие недостатоци кои се констатирани. Смета дека ова не е нешто драстично за нив и добро е што се изјасниле на почетокот дека ќе ја затворат таа фирма која што преставува законска пречка да биде управител на радиото, Објасни дека и во минатото имало вакви потешки ситуации кога носители на јавни функции и членови на нивното семејство се појавуваа како сопственици или косопственици на радио или телевизија. Такви случаи имаше со пратеници, советници во советите на општините, што законот не дозволува да бидат истовремено и сопственици или косопственици на медиум. Во тоа време Советот на радиодифузија беше флексибилен. Бидејќи Законот овозможува во рок од 30 до 90 дена радиодифузерот да ја отстрани таа пречка ќе го поддржи предлогот. Во поглед на затворање на постојните фирми се согласува дека постои процедура, може да се јават должници или нешто друго. Идејата на Советот не е да го затворат радиото туку да се отстранат пречките кои се појавуваат во овој случај.

Г-дин Фиданоски рече дека верува дека рокот од 90 дена е доволен да се затвори фирмата евентуално ако не успее да направи промена на сопственичката структура и да се тргне од менаџерската позиција односно од управител на радиото.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр. 02-418 од 08.08.2018 година од м-р Драгица Љубевска, овластено лице од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, согласно Овластување бр.03-3046/1 од 28.06.2018 година и едногласно донесе одлука за утврдување постоење недозволена медиумска концентрација кај Друштвото со ограничена одговорност за радио-дифузија Митаноски Веле СУПЕР РАДИО Охрид ДООЕЛ, затоа што физичкото лице Сашо Митаноски кое е основач на Друштвото со ограничена одговорност за радио-дифузија Митаноски Веле СУПЕР РАДИО Охрид ДООЕЛ, се јавува истовремено како основач и на Друштвото за производство, трговија и услуги ФИЛ ПРОДУКЦИЈА 2018 ДООЕЛ Охрид, чија приоритетна дејност/главна приходна шифра е 73.11 – Агенција за маркетинг.

Друштвото со ограничена одговорност за радио-дифузија Митаноски Веле СУПЕР РАДИО Охрид ДООЕЛ, во рок од 90 дена од денот на приемот на одлуката, да ја отстрани недозволената медиумска концентрација и да ја усогласи својата сопственичка структура со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Се задолжи Секторот за поддршка на работата на Директорот и на Советот, горенаведената одлука да ја објави на веб страната на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски рече исто како и за претходните радиодифузери така и за овој радиодифузер и сите заинтересирани страни навремено да се известат и по електронска пошта и лично за да ова успешно се разреши.

**Точка 6**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-3600/6**
**17.08 2018 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**